Сузана Н. [illegible]
Д.С. 15/11/24

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за локална самоуправа**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Inspektorati shtetëror për Vetëqeverisje lokale**

Архивски број: 02-199/3
Датум: 11.11.2024

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
MINISTRIA E VETËQEVERISJES LOKALE
Скопје-Shkup

| Примено: / E pranuar: | 15-11-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број: / Numër: | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlera |
| 08-2100/1 | | | |

Архивски знак: / Shenjë arkivuese
Рок на чување: / Afati i ruajtjes ___ год.

До
Кабинет на Министер
М-р Златко Перински
Министерство за локална самоуправа
ул. "Кирил и Методиј" бр.54
1000 Скопје

Предмет: Доставување на Решение

Почитувани,

Согласно член 23 став 1 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.158/10, 187/13, 43/14 и 64/18) и член 71 став 2 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/02) примената на Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година, со бр. 09-6676/9 од 26.09.2024 година и Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година со бр. 09-6676/9 од 26.09.2024 година, донесена од Советот на Општина Карпош, објавена во Службен гласник бр.16/24, СЕ ЗАПИРА.

Согласно член 23 став 3 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.158/10, 187/13, 43/14 и 64/18), во прилог Ви се доставува Решението за запирање на примена на пропис , кое во рок од три дена треба да се објави на веб страната на Министерство за локална самоуправа.

Со почит,

Прилог:
Решение за запирање на примена на пропис

Подготвил:
Илина Трајановска
Државен инспектор за локална самоуправа

В.Д. Директор
Haqim Ramadani

Република Северна Македонија

**Државен инспекторат за локална самоуправа**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Inspektorati shtetëror për Vetëqeverisje lokale**

Број: 02-199/1

Датум: 11.11.2024

Директорот на Државниот инспекторат за локална самоуправа - Скопје, врз основа на член 23 став 3 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа (*Службен весник на Република Македонија бр.158/2010, 187/13,43/14 и 64/18 година*) го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Примената на Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година, со бр. 09-6676/9 од 26.09.2024 година и Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година – пречистен текст, со бр. 09-6676/9 од 26.09.2024 година, донесени од Советот на Општина Карпош, објавени во Службен гласник бр.16/24, **СЕ ЗАПИРА.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за локална самоуправа врз основа на член 18 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.158/10, 187/13, 43/14 и 64/18), член 71 од Закон за инспекциски надзор (Службен весник бр. 102/2019 од 22.05.2019 година), преку инспекторите, изврши вонреден инспекциски надзор над законитоста на прописите донесни од Совет на Општина Карпош, по поднесена претставка од физичко лице. Врз основа на член 23 став 2 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.158/10, 187/13, 43/14 и 64/18) по службена должност изврши надзор над законитоста на прописите донесени од Советот на Општина Карпош, објавени во Службен гласник на Општина Карпош бр.16/24, кои Градоначалникот на Општина Карпош, согласно членот 71 став 1 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/02) ги достави до овој орган на 01.10.2024 година, утврди дека Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година, со бр. 09-6676/9 од 26.09.2024 година и Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година– пречистен текст со бр. 09-6676/9 од 26.09.2024 година, донесени од Совет на Општина Карпош, не се во согласност со Закон за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/02) и член 40 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20, 111/23 и 171/24).

Согласно член 51 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/02) е утврдена надлежноста на Градоначалникот, да врши

контрола на законитоста на прописите, оттука став (1) ако градоначалникот смета дека прописот на советот не е во согласност со Уставот и законите, должен е во рок од седум дена од денот на доставувањето со решение да го запре неговото објавување, со кое ќе ги образложи причините за запирањето. Според член 40 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20, 111/23 и 171/24), цитираната законска одредба: (1) за изработување на урбанистичките планови од членот 10 став (1) точки 1, 2, 3 и 4 од овој закон, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, задолжително донесуваат годишна програма најдоцна до 31 декември во тековната за наредната година.

Од фактите утврдени при извршениот вонреден инспекциски надзор, над законитоста над постапката на донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година, со бр. 09-6676/9 од 26.09.2024 година и Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година – пречистен текст со бр. 09-6676/9 од 26.09.2024 година, не се во согласност со гореспоменататите одредби, бидејќи Градоначалникот на Општина Карпош донел Решение за запирање на објава на Програма за урбанистичко планирање за 2024 година на ден 03.01.2024 година, (донесена Програма на 38-ма седница, одржана на 28 декември 2023 година), објавено во Службен гласник бр.1/24 и при донесување на оспорениот пропис, се повикуваат на Решението за запирање бр.11-28/1 од 03.01.2024 година и член 40 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20, 111/23 и 171/24), односно рокот за донесување на годишна програма е до крај на тековната година, а при донесувањето на програмата не е запазен рокот.

На 37-та седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 15.12.2023 година на дневен ред под точка 1 била ставена Службена белешка за неусвојување на Предлог Програма за урбанистичко планирање за 2024 година, која не е усвоена од страна на Советот и истата е објавена во Службен гласник на Општина Карпош како Службена белешка за неусвојување на Предлог Програма за урбанистичко планирање за 2024 година, бр.09-8254/5 од 15.12.2023 година.

На 38-ма вонредна седница, која се одржала на 28.12.2023 година, под точка 1 од дневниот ред е ставена Предлог Програма за урбанистичко планирање за 2024 година, која била усвоена од страна на Советот на Општина Карпош, но од страна на Градоначалникот на Општина Карпош, врз основа на член 51 став 1 од Закон за локална самоуправа, истата била запрена со Решение бр.11-28/1 од 03.01.2024 година и објавена во Службен гласник на Општина Карпош бр.1/24.

Следствено на тоа, во член 51 од Закон за локална самоуправа, став 2: "советот е должен, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението од ставот 1 на овој член, да го разгледа решението и да одлучи по него." Советот не го разгледал

решението од градоначалникот во законски предвидениот рок и свикал седница после истекот од 15 дена, каде била ставена точка на дневен ред Предлог Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година.

Односно, на 40-та седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08.02.2024 година на дневен ред била ставена Предлог Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година, која не е усвоена од страна на Советот и истата е објавена во Службен гласник на Општина Карпош бр.4/24, како Службена белешка за неусвојување на Предлог Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година, бр.09-940/3 од 08.02.2024 година.

На 50-та седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01.07.2024 година на дневен ред била ставена Предлог Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година, која не е усвоена од страна на Советот, објавена е во Службен гласник бр.14/24 како Службена белешка за неусвојување на Предлог Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година, бр.09-4755/9 од 01.07.2024 година.

На 52-та седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26.09.2024 година на дневен ред под точка 4 била ставена Предлог Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година, која е донесена од страна на Советот, објавена е во Службен гласник бр.16/24 како Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година, бр.09-6676/9 од 26.09.2024 година.

Запрениот пропис не е во согласност со закон, бидејќи при донесување на Програмата бр.09-6676/9 од 26.09.2024 година, основот за донесување на истата е врз основа на Решение за запирање на Програма за урбанистичко планирање за 2024 година, бр. 11-28/1 од 03.01.2024 година (Службен гласник бр.1/24), односно се носи измена и дополнување на пропис кој веќе е запрен од Градоначалникот, како и рокот за нејзино донесување согласно одредбата од член 40 од Закон за урбанистичко планирање, дека советите на општината програмата ја носат до крај на тековната година, за следната година.

Со оглед на тоа дека Советот на Општина Карпош, со запрениот пропис донел Програма која претходно е запрена со Решение за запирање од Градоначалникот на Општина Карпош, Државниот инспекторат за локална самоуправа , врз основа на член 23 став 2 од Законот за Државниот закон за локална самоуправа *(Службен весник на Република Македонија бр.158/2010, 187/13,43/14 и 64/18 година)*, одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за локална самоуправа**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Inspektorati shtetëror për Vetëqeverisje lokale**

Ова Решение ќе се објави во Службен весник на РСМ и на веб страната на Министерство за локална самоуправа во делот на Државниот инспекторат за локална самоуправа.

Доставено до:
-Министерство за локална самоуправа
-Градоначалник на Општина Карпош
-Претседател на Совет на Општина Карпош
-Службен весник на Република Северна Македонија

Подготвил:
Илина Трајановска
Државен инспектор за локална самоуправа

В.Д Директор
Haqim Ramadani